# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.12.2021

Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котизација, го приложуваме ова образложение кон финансиските резултати за периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година.

A. Промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

B. Мермерен Комбинат АД Прилеп ("Друштвото") за периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 оствари приходи од продажба во износ од 1,856,984 илјади денари што претставува зголемување за 36.03% споредено со истиот период од изминатата година.

| **приходи од продажба** | **2021** | | **2020** | |
|---|---|---|---|---|
| - домашен пазар | 9,964 | 0.54% | 8,786 | 0.64% |
| - странски пазари | 1,847,020 | 99.46% | 1,356,299 | 99.36% |
| | **1,856,984** | | **1,365,085** | |

| **приходи од продажба** | **2021** | | **2020** | |
|---|---|---|---|---|
| - рудник | 1,826,726 | 98.37% | 1,328,988 | 97.36% |
| - фабрика | 30,258 | 1.63% | 36,097 | 2.64% |
| | **1,856,984** | | **1,365,085** | |

Остварената оперативна добивка за периодот е во износ од 1,011,112 илјади денари споредено со остварената оперативна добивка за истиот период во 2020 година во износ од 541,137 илјади денари што претставува зголемување за 86.85%.

EBITDA за периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година изнесува 1,152,956 илјади денари наспроти остварениот износ од 684,574 илјади денари истиот период од изминатата година, или зголемување за 68.42%.

Крајниот резултат по оданочување е позитивен и изнесува 911,863 илјади денари наспроти остварената добивка за истиот период од

минатата година од 511,377 илјади денари и покажува зголемување за 78.32%.

C. Оперативните расходи изнесуваат 877,661 илјади денари и се повисоки за 1.81% во однос на истиот период од минатата година.

D. Евидентирано е зголемување на трошоците за материјали и суровини за 5.47%, а на расходите за вработени намалување за 0.96%.

E. Трошоците за надворешни услуги се зголемени за 5.85%. Трошоците за амортизација изнесуваат 136,737 илјади денари и тие се пониски за 1.84% во однос на минатата година.

F. Нема значителен отпис, поголем од 30% од вредноста на средствата.

G. На 10 септември 2021 година, согласно Одлука на Собрание на акционери 02-4382/2, акумулираните добивки остварени до 31 декември 2020 година во износ од 645,662 илјади денари се распределени за исплата на дивиденди. Износот на бруто дивиденда за 1 (една) обична акција изнесува 2,24 ЕУР (1 ЕУР=61,5 денари). Во периодот заклучно со 31 декември 2021 година Друштвото исплати дивиденди на своите акционери во вкупен нето износ од 638,602 илјади денари и 6,930 илјади денари данок на исплатени дивиденди.

H. Кредитните задолжувања на Друштвото во периодот од јануари до декември 2021 година бележат намалување за 60,791 илјади денари во однос на последните годишни финансиски извештаи.

I. Изгледи/планови: 2022 година се очекува да биде период на позитивни оперативни и финансиски резултати, под услов влијанието на пандемијата со COVID-19 врз глобалната економија не стане посериозно. Исто така треба да се истакне дека Друштвото нема никаква изложеност на рускиот или украинскиот пазар.

Друштво: **Мермерен Комбинат АД Прилеп**
Период на известување: **01.01 - 31.12**
Година: **2021**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на претходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 1,365,085 | 1,856,984 | 136 |
| 1а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 8,786 | 9,964 | 113 |
| 1б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 1,356,299 | 1,847,020 | 136 |
| 2 | Трошоци на продадени производи и услуги | 550,090 | 553,767 | 101 |
| 3 | **БРУТО ДОБИВКА** | **814,995** | **1,303,217** | **160** |
| 4 | Административни трошоци | 97,959 | 109,494 | 112 |
| 5 | Трошоци за продажба и маркетинг (дистрибуција) | 152,664 | 159,909 | 105 |
| 6 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 10,610 | 10,064 | 95 |
| 8 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства и останати оперативни расходи | 33,845 | 32,766 | 97 |
| 9 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **541,137** | **1,011,112** | **187** |
| 10 | Финансиски приходи | 7,410 | 16,312 | 220 |
| 10а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 7,410 | 16,312 | 220 |
| 10б | Останати приходи од финансирање | | | 0 |
| 10в | Удел во добивката на придружените друштва | | | 0 |
| 11 | Финансиски расходи | 6,189 | 18,008 | 291 |
| 11а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 6,189 | 17,987 | 291 |
| 11б | Останати расходи од финансирање | | 21 | 0 |
| 11в | Удел во загубата на придружените друштва | | | 0 |
| 12 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **542,358** | **1,009,416** | **186** |
| 13 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | | | 0 |
| 14 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **542,358** | **1,009,416** | **186** |
| 15 | Данок од добивка | -30,981 | -97,553 | 0 |
| 16 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **511,377** | **911,863** | **178** |
| 17 | Малцински интерес | | | 0 |
| 18 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **511,377** | **911,863** | **178** |
| 19 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | | | 0 |
| 20 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **511,377** | **911,863** | **178** |

## Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на претходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 1,365,085 | 1,856,984 | 136 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 10,610 | 10,064 | 95 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 27,491 | 21,725 | 79 |
| 4 | Набавна вредност на трговски стоки | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 216,875 | 228,728 | 105 |
| 6 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 31 | 175 | 565 |
| 7 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 159,739 | 169,091 | 106 |
| 8 | Останати трошоци од работењето | 50,155 | 50,520 | 101 |
| 9 | Трошоци за вработените | 262,106 | 259,593 | 99 |
| 10 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 139,298 | 136,737 | 98 |
| 11 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | | | 0 |
| 12 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 5,129 | 23,558 | 459 |
| 13 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 14 | Останати расходи од работењето | 28,716 | 9,259 | 32 |
| 15 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **541,137** | **1,011,112** | **187** |